# ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ
# (1903)

**Ванчо Ѓорѓиев**

**1**. Македонското револуционерно движење од крајот на XIX и почетокот на XIX век и Илинденското востание како негов највисок дострел се вбројуваат меѓу најобработуваните теми во македонската и бугарската историографија, но и пошироко. Во многубројните трудови посветени на Илинденското востание, се обработени разни аспекти, но, тоа не значи дека темата е исцрпена, или пак, дека е даден конечен одговор на многу отворени прашања. Иако основните постулати по кој знае по кој пат се преповторени и уште на толку начини различно интерпретирани, самиот факт што оваа тема предизвикува голем интерес, доволно говори за нејзината актуелност, но и дека има уште многу за истражување, анализирање и толкување. Преку овој прилог кон оваа широка тема, не претендираме кон нејзино сестрано разгледување, или некаква ревизија на напишаното, ниту пак во панегирична форма да го воспеваме херојството и саможртвата, туку пред сѐ, да се задржиме не некои аспекти како дошло до одлуката за Илинденското востание и на неговите крајни ефекти, но и да укажеме на некои наметнати стереотипи кои се издигнати на ниво на парадигма и се уште се провлекуваат како такви.

На почетокот ќе укажеме дека од шеесеттите години на XX век, Илинденското востание кое дотогаш во бугарската историографија беше само Илинденско е преименувано во Илинденско-Преображенско. Оваа промена во историографија е последица од промената во курсот на бугарската политика во контекст на македонскиот национален идентитет. Со таквото двојно именување на востанието се настојува заедничката борба на македонското и одринското население за автономија на Македонија и Одринско да се претстави како борба кон единствена цел – обединување со Бугарија. Притоа како подлога за двојното именување се зема Илинден – денот на

почетокот на востанието во Битолскиот револуционерен округ, и Преображение – денот на почетокот на востанието во Одринско. Меѓутоа, оваа именување како прво е несоодветно од методолошки аспект од едноставна причина што востанието во Серскиот револуционерен округ започна на Крстовден. Според тоа, ако се следи концептот на бугарската логика, тогаш би требало да има тројно именување: Илинденско-Преображенско-Крстовденско востание. Од друга страна, тенденцијата за претставување на борбата за автономија на Македонија и Одринскиот вилает како стремеж кон единствена цел – обединување со Бугарија, не одговара на историската реалност, зашто МРО, автономијата на Македонија ја сфаќала како етапа кон создавање на независна македонска држава. Не случајно во организациските акти Македонија и Одринско се третираат одделно, како две области, кои под водство на една Организација се стремат за извојување на автономија за две одделни области. Впрочем различноста помеѓу овие две области ја согледале и дипломатските претставници на Големите сили, па оттука не случајно, реформите кои биле предизвикани од македонското револуционерно движење се однесуваат исклучиво за територијата на Македонија, но, не ѝ за Одринско.

Според македонската историографија се добива впечаток дека најчесто со името „Илинденско востание“ се покриваат востаничките активности од 1903 година на целата територија на османлиска Македонија, иако според истата е јасно дека „Илинденското востание“ се одвивало на територијата на Битолскиот револуционерен округ. Оттука востаничките дејствија во другите окрузи се разгледуваат одделно, иако се спакувани под истиот наслов. Поради тоа ќе нагласиме дека во Солунскиот, Струмичкиот и Скопскиот округ нема официјално прогласување на востание, ниту пак масовно востание, туку востанички дејствија, кои се манифестираат од почетокот на летото 1903 година, но тие се интензивирани со започнувањето на востанието во Битолскиот округ. За разлика од овие окрузи во Серскиот округ, има одлука од окружен конгрес, според која таму востанието требало да започне на Крстовден. Имајќи предвид дека постојната дистинкцијата во контекст на кажаново е недоволно убедлива, ќе нагласиме дека кога се зборува за „Илинденско востание“ треба да се има предвид востанието во Битолскиот револуционерен округ, зашто оваа одредница од методолошки аспект е несоодветна за Серскиот округ, каде востанието започнало на Крстовден. Од друга страна, македонската историографија, речиси воопшто не се занимава со востанието во Одринско.

Кога сме кај македонската историографија, ќе нагласиме дека мнозина автори, под влијание на одредени стереотипи и еднострани информации од мемоарската

литература, без да ги земаат предвид првостепените документи и поновите интерпретации, сè уште пишуваат дека востанието било предвремено, дека одлуката била наметната од неколку лица и донесена на незаконски конгрес, дека меѓународната ситуација била неповолна и слично. Полемиката во врска со овие прашања би не одвела премногу далеку. Затоа овде ќе се задоволиме со констатацијата, дека одлуката за востанието во 1903 година била донесена при сложени околности, дека истата не можел да ја наметне, ниту да ја попречи ниту еден авторите во Организацијата, па било тоа Гоце Делчев, Дамјан Груев, Ѓорче Петров, Борис Сарафов, а уште помалку Иван Гарванов или Анастас Лозанчев, или било кој. Едноставно поради сложениот сплет на околности, востанието било неминовно, а истото се случило затоа што имало доволно причини за тоа.

**2.** Македонската револуционерна организација која е формирана во 1893 година имала за цел извојување на политичка автономија на Македонија во рамките на Османлиската Империја. Идејата за автономија на Македонија иако не е елаборирана во основните акти на Организацијата, според информациите од други индиректни извори, очигледно е дека таа се сфаќала како етапа кон создавање на независна македонска држава. Според актите на Организацијата како средство за постигање на автономијата е предвидено изведување на едно општо востание. Творците на МРО врз основа на искуствата од другите ослободителни движења на Балканот, биле свесни дека без воена, или политичка интервенција од големите сили, не може да ја остварат целта, па оттука „востанието“ го сфаќале како нужно средство за свртување на вниманието на европските дипломати и нивно застапување пред Османлиската Империја во прилог на идејата за автономија на Македонија.

Стремежот кон востание налагал повеќегодишна илегална морална и материјална подготовка на населението. Најпрво требало да се создаде мрежа од илегални комитети кои требало да ја организираат и насочуваат ослободителната борба. Моралната подготовка подразбирала агитација во смисла да се искорени поданичкиот менталитет кај населението, да се подигне неговата свест за човекови права и да се вгради чувство на самодоверба, дека слободата треба да се извојува со сопствени сили. За таа цел требало да се подготват способни и храбри поединци кои во име на ослободителната идеја требало да се откажат од удопствата на легалниот живот, и по цена на сопствениот живот да го подготват патот кон слободата. Материјалната подготовка пак, подразбирала создавање на конкретни услови за вооружена борба, а пред сè, обезбедување на финансиски

средства и набавка на оружје, формирање на вооружени сили и соодветен раководен кадар, како и подготовка на дел од населението за вооружена борба.

Базичната мрежа од комитети на МРО била воспоставена до 1896 година. Прва вооружена структура на МРО претставуваат членовите на нејзината тајната полиција, кои неофицијално се наречени „терористи“. Согласно одлуките од Солунскиот конгрес 1896 (од кога Организацијата е преименувана во ТМОРО), во 1897 година се појавиле првите чети на Организацијата, како постојани воени формации. До 1900 година, поголемиот дел од територијата на Македонија бил покриен со илегални чети. Главна заслуга при формирањето на оваа „нелегалната армија“ имал Гоце Делчев кој бил инспектор на четничкиот институт. По Солунскиот конгрес (1896) територијата на Македонија во организациско смисла била поделена на пет окрузи: Солунски, Битолски, Скопски, Струмички и Серски. Притоа, како шести округ, надвор од географските граници на Македонија, функционирало Одринско.

Со оглед на тоа што станува збор за илегална Организација чија активност била насочена против суверенитетот на Империјата, истата била во судир со законите и под прогон на властите. Во предилинденскиот период Организацијата се соочила со бројни предизвици и опасности, со многу афери и провали. Некои од нив биле последица од илегалната активноста на Организацијата, други дошле како последица на превентивните мерки на власта, трети пак биле предизвикани од активноста на идејните противници какви што биле: Тајното бугарско револуционерно братство и Врховниот македонски комитет. Како последица од аферите и провалите, мнозина докажани раководители на Организацијата паднале в затвор, а тоа довело до кадровски промени во раководните структури и институции на Организацијата. Така по Виничката провала (1897) в затвор паднал Петар Поп Арсов – еден од основачите на Организацијата и член на ЦК. Во 1900 година поради Поп Ставревата провала (1900) в затвор се нашол Дамјан Груев – главен иницијатор за формирањето на Организацијата и еден од најагилните членови на ЦК. Во 1901 година во врска со Солунската провала в затвор паднале Христо Татарчев (основач и претседател на ЦК), Иван Хаџи Николов (основач и член на ЦК), потоа Пере Тошев и Христо Матов (двајцата членови на ЦК). Според тоа од шестмина основачи на Организацијата до 1901 година в затвор се нашле дури четворица, или вкупно шестмина дотогашни членови на ЦК.

По Солунската провала на чело на ЦК на ТМОРО дошол Иван Гарванов – поранешен претседател на Тајното револуционерно братство, кое од формирање во 1897

г., па до слевањето со Организацијата во 1899 година, дејствувало како нејзин опонент. Гарванов како Бугарин, кон македонското ослободително движење гледал низ бугарска призма, а според Ѓорче Петров, тој „секогаш се чувствувал како човек на Бугарија“. Впрочем, тој за своите подвизи од времето на Братството, бил одликуван од бугарскиот кнез Фердинанд. Зацврстувањето на Гарванов во ЦК на ТМОРО, коинцидира со кадровските промени во ВМК, кога на чело на македонската емигрантска организација застанал Стојан Михајловски, но фактички конците ги влечел генерал Цончев. Последниот под покровителство на кнезот  и воениот министер почнал кампања за провоцирање востание во Македонија. Гарванов, кој во прво време сметал на поддршка на Цончев, откако ја добил довербата од Делчев и Груев, се свртел против генералот. Во меѓувреме, во септември 1901 година, во име на наводната соработка помеѓу ВМК и ТМОРО, за задгранични претставници на местото на Гоце Делчев и Ѓорче Петров, биле именувани Туше Делииванов и Димитар Стефанов. Оваа кадровска промена која навидум претставувала отстапка кон Цончев, во суштина не променила ништо во однос на дотогашната политика на ТМОРО кон ВМК, зашто новите задгранични претставници биле под влијание на Делчев. Тие во декември 1901 година ги прекинале односите со ВМК, а веќе во март 1902 година објавиле дека  ТМОРО ја прифаќа фрлената ракавица и влегува во отворена војна со врховистите.

При такви околности, летото 1902 година, ВМК започнал со реализација на планот за провоцирање на востание, а провокацијата кулминирала со авантурата на полковникот Јанков во Костурско и Леринско, а особено со масовното навлегување на врховистичките чети во Горноџумајско. Кога врховистичката провокација спласнала, ЦК на ТМОРО во ноември 1902 година за задгранични претставници во Софија ги именувал штотуку амнестираните: Христо Татарчев и Христо Матов. Во меѓувреме во дипломатските средини било отворено прашањето за реформи во Македонија.

Зачестените афери и провали, засилената репресија на властите врз цивилното население, масовните приведувања и затварања, како и постојаниот прогон на четите, згора на тоа и последиците од врховистичката провокацијата, го зголемиле нетрпението кај населението и кај некои војводи и раководители, кои почнале да бараат да се прогласи востание.

**3**. Под притисок на зачестените афери и судири во Леринско,  претседателот на Битолскиот окружен комитет – Анастас Лозанчев, уште на почетокот на летото 1902 година пред ЦК во Солун го поставил прашањето за востание. Оваа иницијатива дошла во

време кога Организацијата водела жестока кампања против врховистичката востаничка провокација, па оттука сосема логично било, дека при такви услови, барањето за востание ќе биде отфрлено. Во врска со иницијативата на битолчани, кон крајот на јули 1902 година, во Софија било одржано советување на кое учествувале: Гоце Делчев, Иван Гарванов, Туше Делииванов, Лазар Димитров, д-р Владимир Руменов, Тома Карајовов, Никола Наумов, и Бојан Биолчев. Со исклучок на Гарванов, кој за време на советувањето бил воздржан, другите категорично се изјасниле против барањето на битолчани. Притоа, Лазар Димитров бил задолжен да замине за Битола за да им го соопшти ставот од советувањето, но патем во Солун, Димитар Мирчев (секретар на ЦК) го информирал дека битолчани се откажале од намерата за востание и дека духовите се смириле, поради што Димитров, не отпатувал за Битола.

По два-три месеци, Битолскиот окружен комитет, откако се соочил со врховистичката провокација на полковникот Јанков, повторно посегнал по прашањето за востание. За да го задржи населението да не тргне по умот на провокаторот Јанков, Окружниот комитет и локалните раководители, ветиле дека во блиска иднина ќе кренат востание. Во таа смисла Анастас Лозанчев испратил ултимативно барање до ЦК во Солун. Востаничката ориентација меѓу дејците на ТМОРО во битолскиот округ од октомври 1902 година, илустративно е доловена во две писма на леринскиот војвода Георги Папанчев од октомври 1902 година, во кои пишува дека се подготвува за „свадба на пролет“ (востание на пролет).

Од кореспонденцијата помеѓу ЦК на ТМОРО во Солун и Задгранично претставништво (ЗП) во Софија, очигледно е дека под притисок на врховистичката провокација, прашањето за востание се вселило во комуникацијата помеѓу овие две институции, кон крајот на септември 1902 година. Токму во тоа време бугарскиот трговски агент од Солун – А. Шопов во извештајот од 29 септември (ст. стил), пишува дека ТМОРО која презела сериозни мерки да ја парализира врховистичката провокација, дека почнала да го убедувала населението да почека за востание до следната пролет, кога ќе има поблагопријатни услови, за да може до тогаш да приврши некои поважни подготовки. Речиси истовремено од преписката помеѓу ЦК и ЗП очигледно е дека во овој период, Организацијата настојувала да го зголеми бројот на своите чети, да ја забрза испораката на оружје, а ЦК дури размислувал за набавка на топови. Треба да нагласиме дека во овој период задгранични претставници биле: Туше Делииванов и Димитар

Стефанов, кои биле под влијание на Делчев, поради што е невозможно тој да не бил во тек со настаните.

Од друга страна од преписката помеѓу ЦК и ЗП од тоа време евидентно е дека Гарванов се интересирал за ставот на бугарската влада во врска со врховистичката провокација, па дури предлагал испраќање специјална делегација до бугарскиот премиер Стојан Данев. Меѓутоа, задграничните претставници во врска со тоа одговориле дека бугарската влада, барем за нив, нема јасно определен став и дека ниту премиерот Данев, ниту кој било друг, нема да ги отворат картите пред било кој пратеник од Организацијата од едноставна причина што не сакале да слушаат за неа. Несомнено бугарската влада не сакала да ги отвора картите пред луѓето кои биле во конфликт со ВМК на Михајловски и Цончев, зад чија провокација стоел кнезот. Меѓутоа, оваа состојба радикално се променила откако за задгранични претставници биле именувани Христо Матов и Христо Татарчев.

Христо Матов веднаш по пристигањето во Софија, пред Ефтим Спространов изјавил дека ¾ од подготовките во Македонија биле завршени и дека останувала „само последната четвртина, т.е. самото Востание“. Матов и Татарчев, сметајќи ја дотогашната принципиелна борба на ТМОРО против врховизмот како политика на самоизолирање, веднаш по пристигањето во Софија започнале преговори за помирување со ВМК. Во тоа имале поддршка од Гарванов кој инсистирал за помирување по секоја цена со максимални отстапки од страна на Организацијата, а доколку и тоа не даде резултати, тогаш да тргнат во дефинитивна пресметка со нив. Во меѓувреме како поткрепа на веќе созреаната атмосфера за востание, дошло и драматичното писмо од Христо Чернопеев и Крсто Асенов од 20 ноември (ст. стил) 1902, кои под притисок на аферите и масовните приведувања во Струмичко, побарале веднаш да се прогласи востание. Веднаш потоа на 29 ноември 1902 година, Гарванов од името на ЦК до задграничните претставници пишува: „Ќе треба да се распоредат сите наши горски сили и уште од сега да навлезат во земјата, да се стокми побрзо динамит и повеќе пушки, та напролет дај Боже да си ја испробаме среќата“. Во средината на декември 1902 година, Христо Татарчев ги известил бугарскиот премиер С. Данев и кнезот Фердинанд дека акциите за претстојната пролет се „неминовни“. Во меѓувреме, на 10/23 декември 1902 година, Цончев упатил повик до сите офицери Македонци и Одринци, да ја напуштат службата во бугарската армија за да може да земаат учество во претстојното востание. Останува отворено прашањето дали споменатиов повик од Цончев претставува своевиден притисок врз ТМОРО за

прифаќање на неговите услови во преговорите, или пак, притисок во договор со трета страна за изнудување на солунското решение за востание. Во секој овој повик се нашол во рацете на Гарванов за време на Конгресот при што го искористил како плашило за притисок врз делегатите.

Како и да е, очигледно е дека веќе кон крајот на ноември прашањето за востание за ЦК на чело со Гарванов и за задграничните претставници (Матов и Татарчев) било решено. На Гарванов не му останувало друго, освен да ја легализира одлуката преку конгрес.

**4**. Прашањето за свикување на конгрес не е уредено во ниеден од дотогашните акти на Организацијата. Овој момент намерно го истакнуваме зашто во мемоарската литература, а под нејзино влијание и во историографијата, Солунскиот конгрес од 1903 година, најчесто е квалификуван како незаконски и нелегитимен, но останува фактот дека тоа прашање не е регулирано во актите на Организацијата. Очигледно И. Гарванов го искористил статутарниот вакуум за свикување на конгрес, и со исклучок на поединци, повикал делегати по своја мерка.

На 24 декември 1902/6 јануари 1903 година, Иван Гарванов испратил окружно писмо до раководителите на окружните и некои од околиските комитети, како и до Задграничното претставништво, со образложение за неиздржливата положба (особено во југозападна Македонија) и повикал делегати за конгрес, кој бил закажан за 2/15 јануари 1903 година. Еднонеделниот период од испраќањето на окружното до денот на одржувањето на конгресот не бил случаен. Во тој временски теснец, физички не било изводливо да се извршат опстојни анализи по окрузите. Од друга страна некои делегати кои биле лично поканети немале време да пристигнат, па затоа го игнорирале конгресот. Впрочем, Гарванов тоа и го посакувал.

Гоце Делчев кој во тоа време се наоѓал во Софија, и кој бил поканет на Конгресот, одбил да замине за Солун, истакнувајќи дека прашањето било наметнато од битолчани. Преку окружниот комитет во Одрина лично бил поканет и Михаил Герџиков, но тој одбил да замине за Солун, но затоа пак од таму бил испратен Велко Думев кој добил инструкции да истакне дека во Одринско не биле подготвени. Серскиот револуционерен округ по добивањето на окружното од ЦК, го информирал Јане Сандански и организирал советување на кое се изјасниле против иницијативата на ЦК и во таа смисла му биле дадени инструкции на единствениот делегат од округот – Лазар Димитров. Слични

консултации биле извршени и во Скопје, при што тамошниот делегат – Димитар Ганчев добил инструкции да инсистира за одлагање на дејствијата, барем за една година. Претседателот на Битолскиот окружен комитет – Анастас Лозанчев, кој бил повикан лично од И. Гарванов, при заминувањето за Солун не се консултирал со никој од војводите и легалните раководители.

За разлика од овие окрузи каде биле организирани некакви советувања, во Струмичкиот и Солунскиот округ не биле спроведени никакви консултации. Во поглед на застапеност  на делегатите по окрузи од Серскиот, Битолскиот и Одринскиот округ имало по еден делегат, од Солунскиот четворица, а од Струмичкиот и Скопскиот по двајца. Покрај тоа на конгресот се нашле Тодор Лазаров и Христо Поп Коцев) двајцата штотуку излезени од затвор, кои не претставувале ниеден округ, ниту институција, па затоа во протоколот од конгресот се претставени како „заслужни дејци по народното дело“. Интересно на конгресот се нашол и еден делегат од Цариград. Се разбира тука биле и претставниците на ЦК (Иван Гарванов, Спас Мартинов и Димитар Мирчев). На Солунскиот јануарски конгресот учествувале вкупно 17 делегати. Македонската историографија е единствена во констатацијата дека со исклучок на неколку поединци, на конгресот присуствувале второстепени и третостепени личности, при што некои имиња едвај би биле забележани во историјата, доколку не бил овој конгрес. Токму поради начинот на свикувањето на конгресот, изборот на делегатите и нивната несразмерност по окрузи, мнозина современици подоцна го довеле во прашање легитимитетот на конгресот. Меѓутоа, на Гарванов не му бил важен легитимитетот на Конгресот, туку му бил потребен Конгрес, кој ќе обезбеди легитимитет на одлука за востание. Независно од сите забелешки во поглед на манипулациите при свикувањето на Конгресот, останува фактот, дека тоа прашање не било регулирано со актите на Организацијата, па оттука Гарванов на перфиден начин го искористил овој статутарен вакуум.

Конгресот започнал со работа на 2/15 јануари 1903 година, при што претседател на Конгресот бил Иван Гарванов, а секретар Димитар Мирчев. Според Протоколот од Конгресот, поставувањето на прашањето за востание било мотивирано со: сложената положба во земјата (Македонија) по т.н. Горноџумајско востание; опасноста од нови врховистички обиди за провоцирање востание; опасноста од опустошување и деморализирање на нови региони;  желбата на некои региони за едно општо советување;

и најпосле од „интересот и расположението на европската дипломатија кон нашето народно дело“.

Во прилог на овие наводи, Гарванов пред делегатите го презентирал повикот за востание кој бил лиферуван во декември од страна на ВМК, што ги вознемирило сите. За поткрепа на тезата за „поволната“ меѓународна ситуација, Гарванов истакнал дека францускиот конзул во Истанбул, наводно се искажал во смисла, доколку во Македонија избие едно движење дека таа сигурно ќе добие некакви правдини. Нема сомнение дека оптимистичките тонови за „поволната“ меѓународна ситуација доаѓале од османлиската декемвриска иницијатива за реформи во Македонија и активирањето на дипломатијата во таа смисла. Меѓутоа, Гарванов свесно го избегнал предупредувањето од рускиот министер за надворешни работи, грофот Ламсдорф до задграничните претставници (Матов и Татарчев), Организацијата да не презема ништо во смисла за востание за да им даде шанси на планираните реформи. Аргументите од Гарванов имаат реална подлога и делумна оправданост. Врховистичката закана била факт. Образложението за „поволната“ меѓународна ситуација во конкретниот момент има поткрепа во иницијатива за реформи во Македонија. Од сегашна дистанција, аргументот за „поволната“ меѓународна ситуација, можеби нема полна оправданост, но во актуелниот момент тоа изгледало поинаку. Третиот аргумент за неиздржливоста на положбата во некои региони, навистина стои, особено ако се имаат предвид севкупните настани од 1902 година и особено барањата на некои раководители (од Битолско и Струмичко) за прогласување на востание поради неподносливиот терор и масовните разоружувачки акции што ги спроведувала власта.

На забелешките од некои делегати дека нивните региони не биле доволно вооружени, Гарванов не само што ветил дека ќе бидат обезбедени дополнителни количини оружје, туку ветил и поддршка од Бугарија, која наводно ќе ѝ објавела војна на Османлиската Империја, доколку Востанието издржи барем две седмици. Тоа го поткрепил со една дописна картичка од бугарскиот воен министер Стефан Паприков, која била адресирана до Борис Сарафов. Во таа смисла настапил и битолскиот делегат Анастас Лозанчев, кој такви ветувања имал од страна на Неделко Колушев (секретар во бугарското трговско агентство во Солун). Аргументите на Гарванов и иницијативата на Лозанчев без многу двоумење биле прифатени од повеќето делегати. Како единствена опозиција на Конгресот истапил серскиот делегат Лазар Димитров, меѓутоа и тој на крај го прифатил мнението на другите и го потпишал Протоколот. Скопскиот делегат Д.

Ганчев гласал „за“ само затоа што така гласале другите. На тој начин на 3/16 јануари 1903 година едногласно била изгласана одлука за Востание, без да биде прецизиран терминот за негово прогласување. Следниот ден, по кратка дискусија, Конгресот решил Востанието да биде „повсемесно и стратегиско“. Според оваа евидентно е дека конгресистите воопшто не ја разбирале воената тактика. Според некои од учесниците на Конгресот во Солун, меѓу другото било решено, окружните комитети да одржат конгреси за да се произнесат по одлуката за востание, но во Протоколот од Конгресот нема ниту збор за тоа. Од друга страна, останува фактот дека подоцна такви конгреси се одржале во Битолскиот, Одринскиот и Серскиот револуционерен округ.

За разлика од Конгресот во Солун, прашањето за востание, поопстојно било разгледувано на повеќедневните советувања во Софија кои биле организирани од страна на Задграничното претставништво по добивањето на иницијалното Окружно од ЦК. На овие советувања зеле учество: Христо Татарчев, Христо Матов, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Борис Сарафов, Иван Хаџи Николов, Славчо Ковачев, Михаил Герџиков, Сава Михајлов, Кирил Прличев, Туше Делииванов, Димитар Стефанов, Христо Силјанов, Никола Наумов и други. Тие во расправата пошле од информацијата на Гарванов според која по врховистичката провокација, османлискиот терор во Македонија станал толку неподнослив, особено во Битолско, каде можело избувне востание.

На советувањето по прашањето за востание се оформиле две гледишта. Малцинската група, предводена од Матов и Татарчев, безрезервно ја застапувала иницијативата од ЦК за општо востание. Мнозинството предводено од Ѓорче Петров и Гоце Делчев, зад кое застанел сите што учествувале во дотогашната борба против врховизмот, застапувале поинакво гледиште, кое во основа не било против востание, ниту пак за општо востание, какво што заговарал ЦК. Настрана од двете гледишта останал Пере Тошев, под изговор дека не бил доволно запознаен со работите. Овде ќе потенцираме дека мнозина автори, кои ја застапуваат тезата за предвремено востание, без да ги земаат предвид сите околности и аргументи, врз основа на селективни информации од мемоарската литература конструираат заклучоци дека на советувањето во Софија, всушност постоеле две остро спротивставени групации при што малцинската била „за“ а мнозинската категорично „против“ востание.

Всушност полемиката на советувањата во Софија во основа бил околу карактерот на дејствијата. Притоа повеќето учесници признавале дека подготовките не биле доволни, но истовремено поради сложеноста на ситуацијата требало да се промени

начинот на дејствување и да се преземе акција. Ѓ. Петров со поддршка на Г. Делчев, предлагал да се промени дотогашната тактика: од пасивно подготвителна да се помине кон поголема активност со дејствија кои постепено ќе водат кон востание. На тој начин да се дојде до „перманентно“ востание, без негово формално објавување. М. Герџиков предлагал иницијатива со терористички акции против османлиските институции и европскиот капитал. Кон овие идеи клонел и Г. Делчев, кој претпочитал борба со најголема економија на силите, бидејќи не бил сигурен откако ќе предизвикаат Турците, дека ќе предизвикаат и вмешување на европската дипломатија. Истовремено М. Герџиков и В. Антонов, инсистирале на дефинитивно расчистување со врховистите и ликвидација на генерал Цончев. За време на советувањата, Делчев се определил за комбинирана примена на четнички дејства со терористички акции. Како човек од акција, Г. Делчев не дочекувајќи го исходот од советувањата, добро обезбеден со експлозивни материјали тргнал со чета за Серскиот округ за на дело да ја демонстрира новата концепција на борбата.

Реално идејата на мнозинството за перманентно востание со терористички акции повторно водела кон востание. Тоа брзо го сфатиле заштитниците на тезата за општо востание. Оттука се дошло до заедничко решение кое е покриено со терминот „засилени партизански дејствија“. Во таа смисла Ѓ. Петров и Х. Матов, требало да го известат ЦК во Солун, дека тие не се за општо востание, туку за „партизански дејствија“. Меѓутоа, Конгресот во Солун, не чекајчи го исходот од советувањата во Софија, веќе донел одлука за општо востание. Токму поради тоа, Х. Татарчев кој бил еден од поддржувачите на идејата за масовно востание, истакнува дека ЦК бидејќи не го дочекал нивното мислење му ја одзел можноста на ЗП да се искаже по толку клучно прашање, поради што многу подоцна Конгресот го квалификува како незаконски. Меѓутоа останува фактот дека во актуелниот момент се однесувал поинаку.

Веднаш по Конгресот, Гарванов отпатувал во Софија, при што ги информирал учесниците на советувањето, дека донесената одлука бил неповратна, бидејќи била разгласена на секаде. Истовремено, И. Гарванов, Х. Матов и Х. Татарчев, се сретнале со бугарскиот министер за внатрешни работи – Димитар Петков и го запознале со одлуката, а тој пак од своја страна им ветил „морална и материјална поткрепа за идното востание“. Со оглед на донесената одлука, кон крајот јануари четите почнале забрзано да навлегуваат на територијата на Македонија.

**5**. Откако прашањето за востание во Македонија било решено од внатре, бугарската влада која врз себе го носела товарот за врховистичката провокација од 1902 година, за да ја избегне секаква одговорноста за претстојните настани во Македонија, но уште повеќе да за да избегне војна со Османлиската империја, презела повеќе мерки за да се претстави во улога на конструктивен „миротворец“. За таа цел, најпрво на 31.01 /13.02 1903 година, владата донела одлука за административна забрана на ВМК, при што ја конфискувала неговата архива, па дури краткотрајно ги привела Стојан Михајловски и Иван Цончев. Бидејќи овие постапки не биле доволно убедливи пред Османлиската Империја, но и пред големите европски сили, Бугарија била принудена да преземе и други мерки во насока за да ги разубеди водачите на Внатрешната организација да се откажат од намерата за востание. Во таа смисла на 18.02. 1903 година, преку своите претставници во Македонија, било побарано водачите на Организацијата да се откажат од востанието за да им даде шанса на Февруарските реформи, во спротивно им се заканила да не се надеваат на помош од Бугарија. Со содржината на барањето биле запознаени и дипломатските претставници во Софија. Бидејќи ова првично предупредување не предизвикало никаков ефект кај водачите на ТМОРО, по барање од министерството за надворешни работи на Бугарија, Н. Колушев по две седмици се сретнал А. Лозанчев во Битола и одново побарал да се откажат од Востанието и да прекинат со подготовките. Меѓутоа, Колушев тогаш добил одговор дека одлуката за Востание била донесена од ЦК во Солун, и дека само по негово наредба може да биде отповикана. Притоа постапката на Колушев, но и на бугарската влада била дочекани со зборовите: „Ние сме Македонци и советите на некаков бугарски министер за нас не вредат ништо“.

Во меѓувреме, Бугарија презела дипломатска иницијатива за олабавување на односите со Османлиската Империја, настојувајќи да ја убеди во своите заложби за смирување на ситуацијата во Македонија. Дознавајќи за тоа, Васил Пасков го предупредил Задграничното претставништво дека во никој случај не треба да се прифати бугарската сугестија за одлагање на Востанието, бидејќи дипломатијата би стекнала впечаток дека „револуционерното движење во Македонија и Одринско се организира, поддржува и раководи од Бугарија, која преследува завојувачки цели, а во очите на оние сфери, чии симпатии се на наша страна, Внатрешната организација ќе го загуби карактерот на независна и самостојна, а тоа е штетно за ослободителното дело“. Како и да е, Бугарија која заради свои интереси често го експлоатирала македонското дело преку емигрантската организација, откако се нашла во незгодна ситуација, не само што го

забранила ВМК, туку се обидела да го запре и автохтоното македонско движење – предводено од ТМОРО. Од друга страна, одбивањето на ТМОРО да се сообрази со бугарската иницијатива за одлагање на Востанието, претставува силна демонстрација на автохтониот карактер на македонското револуционерно движење.

**6**. Во меѓувреме под раководство на ЦК и на окружните комитети биле забрзани подготовките за претстојното востание. Кон крајот на јануари и почетокот на февруари Македонија била заплисната од голем број на чети од надвор, но истовремено се зголемил бројот состав на постојните чети, особено по враќањето на печалбарите и заминувањето во илегала на мнозина дотогашни легални активисти на Организацијата. Со тоа зачестиле и инцидентите и судирите помеѓу четите и османлиските војски, кои будно ја следеле состојбата. Ваквата состојба внимателно ја следеле и дипломатските претставници на големите сили, кои врз основа на состојбата од теренот ги информирале своите влади за предвостаничкиот амбиент во Македонија. Така на пример рускиот дипломатски претставник во Солун – Николај Гирс во извештајот од 12/25 02.1903 година, информира дека речиси немало поголемо село во Македонија во кое немало востаничка чета и дека ТМОРО воопшто не размислувала за одлагање на востанието, бидејќи со евентуално таква одлука, македонското прашање би затапело, а со тоа Организацијата би ја загубила својата подлога и би го пропуштиле погодниот момент за целосно ослободување.

Во таква атмосфера, Гоце Делчев по извршувањето на атентатот врз тунелот и мостот кај реката Ангиста (Драмско) заминал за Солун за да се сретне со Даме Груев, кој што туку бил амнестиран, за да ги усогласат ставовите по прашањето за востание. Повеќето автори што ја застапуваат тезата за предвремено востание, врз основа на селективни информации од мемоарската литература, неосновано сметаат дека, Д. Груев кој клонел кон востаничката иницијатива, дека со својот став го нанел последниот морален удар врз Делчев. Меѓутоа, Лазар Димитров – единствената опозиција на Конгресот кога се донела одлуката за востание, кој го придружувал Делчев при неговиот престој во Солун, пишува „по оваа средба веќе немаше никакви разлики меѓу Централниот комитет и дејците околу Делчев за прогласувањето на востанието“. Во сличен стил се искажува и Христо Поп Коцев. Пеју Јаворов, пак пишува дека Делчев во Солун издејствувал промена на јануарското решение во смисла на партизанско востание, а масовните дејствија да остават за подоцна во летото. Неспорно е дека помеѓу Д. Груев и Г. Делчев постоел взаемен респект и дека при оваа средба, тие се согласиле востанието да

има партизански карактер. Во таа смисла Д. Груев требало да го анимира конгресот на Битолскиот округ, а Г. Делчев на Серскиот округ. Во меѓувреме, Груев и Делчев во Солун се обиделе да ги разубедат гемиџиите да ги одложат планираните атентати за покасно и својата активност да ја усогласат со Организацијата, за да се постигне поголем афект.

По заминувањето на Делчев и Груев од Солун, гемиџиите кон крајот на април 1903 година го извеле познатите Солунски атентати. Меѓу другото, тогаш бил запален францускиот пароброд „Гвадилкивир“, била разурната филијалата на Отоманската банка, а биле изведени уште неколку помали акции. Гемиџиите кои по убедување биле анархисти не верувале во масовно народно востание, па затоа со своите терористички акции против странскиот капитал во османлиска Македонија сметале дека ќе го свртат вниманието на големите сили и ќе предизвикаат интервенција во прилог на идејата автономија на Македонија. Солунските атентати предизвикале сериозни репресии од страна на власта врз цивилното егзархиско население во Солун, Битола, Скопје, Велес и други места. Поради Солунските атентати и репресијата на власта, во Солунските пристаниште допловиле странски воени бродови. Христо Поп Коцев тоа го доживеал како пристигање на автономијата. Во екот на овие бурни настани на пат кон Али Ботуш каде бил закажан конгрес на Серскиот округ, во с. Баница (Серско) во судир со османлиските сили загинал Гоце Делчев. Истовремено спротивно од претпоставките на Делчев, кој се плашел од палење на селата од страна на Турците при евентуалното објавување на востанието, Баница била пепелосана до темел и без востание. Очигледно, Турците не размислувале како Делчев. Судбината така си поиграла што неговите ставови брутално биле демантирани при неговото загинување.

Токму во екот на овие настани од 2 до 7 мај 1903 година во с. Смилево, под претседателство на Даме Груев се одржал окружен конгрес на Битолскиот револуционерен округ. Работата на конгресот се одвивала низ пленарни 4 заседанија. Притоа Конгресот започнал со 17 делегати, но на крај Протоколот го потпишале 32 делегати. Некои делегатите стасале дури на последното заседание. Во Протоколот од Конгресот не се бележани дискусиите, туку само дневниот ред и конкретните решенија, но затоа пак мемоарската литература нуди богати и разновидни информации, разни погледи и ставови на поединци, но се разбира низ субјективна призма.

На почетокот од Конгресот се појавиле обвинувања по адреса на Анастас Лозанчев, пред сè, поради неговото заминување за Солун и давањето согласност за

одлука за востание, без да се консултира со легалните и нелегалните раководители во округот. Со критиките кон Лозанчев предничел Ѓорѓи Сугарев.

Како прва точка на дневниот ред на Конгресот било прашањето за состојбата со вооружувањето по региони. Притоа се покажало дека најдобро вооружени во округот биле Ресенско, Костурско, Демирхисарско и Охридско, а најслабо Крушевско и Прилепско. Воопшто според моменталните состојба, Битолскиот округ тогаш располагал со 8000-9000 пушки. Поаѓајќи од состојбата на теренот, делегатите на послабо вооружените региони истапиле како опозиција по прашањето за востание. Предводници на опозицијата биле: Никола Петров Русиснски, Ѓорѓи Сугарев, Петар Ацев и Никола Карев, а кон нив клонеле и Ѓорѓи Пешков и Тале Христов. Најсилен притисок за востание доаѓал од Костурско, но во тој поглед не заостанувало ниту Охридско. Од авторитетните лидери во прилог на идејата за востание зборувале Анастас Лозанчев, Борис Сарафов и Дамјан Груев. Притоа Лозанчев истакнал дека одлуката за востание во основа била донесена во Солун и дека поради напреднатите подготовки Востанието не може да се одлага. Сарафов меѓу друго истакнал дека Битолскиот округ веќе неформално бил во востание, поради што требало да се продолжи напред. Од друга страна Б. Сарафов во неформалните средби со поедини делегати ширел гласишта дека Бугарија ќе интервенира во прилог на Востанието со објавување на војна на Османлиската Империја. Таквите неофицијална ветувања го зацврстиле оптимизмот кај многумина. Полемиката околу прашањето за востание станала беспредметната по излагањето на Дамјан Груев, кој меѓу другото истакнал дека тоа прашање било решено уште од Конгресот во Солун, и дека во моментот треба да се насочат кон реализација на Востанието.

Во прилог на мнозинството кое било за востание оделе повеќе тековни настани. Така првиот ден од својата работа, Конгресот добил известување за Солунските атентати. Тоа било само еден, но не и единствен аргумент кој дополнително ја подгреал востаничката атмосфера. Ситуацијата кулминирала на 6 мај, кога во Битола бил извршен познатиот Ѓурѓовденски масакр, а во с. Цапари дошло до судир со османските војски. Двата инциденти претставуваат одглас на Солунските атентати. Поради тоа тој ден, Конгресот не заседавал, туку од близу ја следел состојбата, која можела да ескалира со проширување на судирите кон Смилево. За елиминирање на таквата опасност од Смилево кон Цапари со својата чета бил испратен Ѓорѓи Сугарев. Настаните од Цапари и Битола, како и претходната информација за Солунските атентати извршиле силно влијание врз оние делегати кои се колебале околу одлуката за востание.

Согласно определбите на мнозинството, Конгресот уште на првото заседание пристапил кон носење на практични одлуки за изведување на Востанието. За таа цел бил избран Главен Штаб (ГШ) за II (Битолски) округ, кој требало да раководи со подготовките и со самото Востание. Притоа во ГШ биле избрани: Дамјан Груев, Анастас Лозанчев и Борис Сарафов. За нивни заменици при евентуална несреќа биле избрани: Ѓоѓи Поп Христов, Петар Ацев и Лазар Поп Трајков. Покрај тоа, Конгресот донел непротоколарно решение доколку пристигнат „нови сили“ во случајот се алудирало на Ѓорче Петров и Пере Тошев, тие по „автоматизам“ да влезат во ГШ. Меѓутоа, Пере Тошев кој дошол во округот по Конгресот и кој извесно време се движел со члeновите на ГШ, поради разидување со нив не ја прифатил укажаната можност. Додека Ѓ. Петров, пристигнал кога Востанието веќе било во дефанзива, и воопшто не ни помислувал да прифати некаква одговорност.

За успешно изведување на подготовките, но и на самото Востанието, Конгресот го поделил Битолскиот округ на десет реони: Битолски, Лерински, Костурски, Преспански, Ресенски, Охридски, Кичевски, Демирхисарски, Крушевски и Прилепски. За секој реон било избрано Горски началства (локални штабов) во состав од 3-5 членови. Во нивниот состав влегле најопитните војводи и раководители од теренот и речиси сите делегати од Конгресот.

За засилување на воените подготовки, Конгресот назначил шесточлена група од инструктори, кои требало да организираат специјална обука на војводите по региони. Според решението на Конгресот, востанието требало да има „партизански карактер“ со едновремено востанување на сите вооружени сили во округот, без приклучување на населението кон четите, освен ако последните имаат потреба од тоа. Покрај тоа, Конгресот препорачал и начин на дејствување за четите: Во таа смисла се препорачува: 1. Прекинување на патните, телефонските и телеграфските врски и оневозможување на нивното обновување; 2. Обезоружување на турското население, по можност; 3. Напаѓање на државните институции; 4. По можност да се напаѓаат турските команди, независно дали се работи за редовна војска, или башибозук; 5. Одбрана на христијанското население и странските државјани; 6. Се забранува напад врз мирното турско население и посегање по турски жени, деца и старци; 7. Четите вообичаено да бидат распрснати по реони, при што може да се групираат по 2-3 чети за изведување на покрупни акции, но веднаш потоа повторно да се распрснат и секогаш да имаат иницијатива; 8. Секој војвода и чета е должна да притекне на помош на друга чета, кога последната е во опасност; 9.

Курирската служба за време на востанието да биде на максимално ниво; 10. Иницијативите во горната смисла се задолжителни за сите во време на востанието.

Покрај тоа, Конгресот препорачал низа мерки за обезбедување на елементарни материјални услови за потребите на востанието, како обезбедување и создавање на резерви од храна, облека, медикаменти, определување на лица за интендантски потреби и слично. На последното заседание на Конгресот, бил прифатен Востаничкиот дисциплински устав, кој бил изработен од Борис Сарафов. Со него се регулирани правата, обврските и одговорноста на сите учесници во востанието, од најниско до највисоко ниво (од востаник, па до ГШ). Според него ГШ е прогласен за врховно раководно тело на II (Битолскиот) револуционерен округ. Покрај тоа што раководи во востанието, ГШ имал право на преговори со странци и со непријателот. За своите постапки ГШ бил одговорен пред Конгресот. За определување на денот за почеток на Востанието, Конгресот го овластил ГШ.

7. Со формирањето на ГШ и конституирањето на горските началства, Организацијата во Битолскиот револуционерен округ од „мирновременска“ поминала во востаничка состојба. Оваа состојба била официјализирана со Окружното на ГШ од 14/27.05.1903 година, според ингеренциите од дотогашните раководни тела била пренесени врз „подвижните реонски началници“ (горските началства). За одржување на врските помеѓу постојните комитети, горските началства и ГШ во градовите биле посебни помошни тела т.н. дежури, кои биле подредени на Централниот дежур во Битола. На чело на последниот стоел дотогашниот секретар на Битолскиот окружен комитет – Аце Дорев, додека неговиот брат Панчо Дорев, лично бил овластен од Д. Грев да одржува врски со странските дипломатски претставништва и кореспонденти.

Кон крајот на мај и почетокот на јуни членовите на ГШ на двапати во присуство на Пере Тошев, го отвориле прашањето за денот на објавување на Востанието, но поради недовршените подготовки прашањето останало отворено. Набрзо потоа, поради разидување, П. Тошев заминал за Прилепско, не прифаќајќи го резервираното место во ГШ. На 1/14 јули Д. Груев и Б. Сарафов, одлучиле Востанието да започне на 20 јули/2 август 1903 година на верскиот празник Св. Илија. Третиот член од ГШ – А. Лозанчев, со оваа одлука бил запознаен по неколку денови и наполно се согласил со тоа. Со одлуката за денот на објавување на Востанието бил запознаен Централниот дежур во Битола, кој од своја страна за тоа ги информирал ЦК во Солун и Задграничното претставништво во Софија. На 9/22 јули 1903, ГШ ги известил горските началства дека Востанието ќе

започне на Илинден. Овој датум, ЦК од Солун, им го препорачал и на другите окрузи за да ги усогласат дејствијата со Битолскиот округ. Истовремено е појаснето дека Востанието не треба да започне спроти Илинден, туку вечерта на Илинден. Притоа е испратена и скратена варијанта од Општиот планот за Востанието во која е нагласено дека ќе се води „партизанска борба", проследена со „терористички акции", без да се вовлекува населението во борбите. Во планот покрај другото се вели: „ Целта на Востанието, не е да ја победиме Турција, туку да не дадеме можност, таа да нè победи". Оттука, Востанието требало да биде долготрајно, макар и послабо, отколку силно, но краткотрајно. На тој начин на Османлиската Империја ѝ се одземала можноста да изјави пред Европа, редот е воспоставен, а со продолжување на борбите до зимата, македонското прашање подолго би останало отворено пред европската дипломатија. Притоа во документот е нагласено дека актуелната состојба во Македонија, во Европа се сметала за востаничка, иако Востанието сè уште не било објавено.

На 12/25 јули 1903, ГШ испратил предупредување до Дирекцијата на Источните железници со кое укажал дека за време на Востанието ќе бидат преземени терористички акции и од неа побарал да ги предупреди патниците да не ја користат железницата за да се избегнат невини жртви. Се разбира во документот од безбедносни причини не е посочен датумот на објавување на Востанието. Овој документ кој од една страна има хумана димензија, повеќе има пропаганден карактер, бидејќи преку него ГШ не само што ја афирмирал македонската борба, туку и самиот се етаблирал како највисок раководен орган на Востанието во Битолскиот округ. На 15/28 јули 1903 година, ГШ до Горските началства го упатил повикот за објавување на Востанието, а во него повторно е посочен датумот. Еден примерок од овој повик паднал во рацете на османлиски власти кај с. Леништа (Битолско). Според тоа, тврдењата во мемоарската литература и во историографските трудови, дека денот за објавување на востанието, останал непознат за османлиските власти, воопшто не стои.

Причините за избувнувањето на востанието и минималните политичките барања на Организацијата се изнесени во Декларацијата која од името на ЦК на ТМОРО ја објавило Задграничното претставништво, по објавувањето на Востанието. Со неа се бара: 1. Назначување, во согласност со големите сили, еден главен управник за христијаните, кој никогаш не припаѓал на турската администрација и кој ќе биде независен од Високата Порта во исполнувањето на своите должности; и 2. Создавање на една постојана колективна меѓународна контрола со широки права на санкции.

**8**. Со оглед на фактот дека текот на востанието и востаничките дејствија од разни аспекти, дури и до детали се опфатени во постојната литература, во овој прилог ќе се задоволиме со сумарно констатирање на некои општи состојби.

Според одлуката на ГШ, Востанието во Битолскиот револуционерен округ започнало со паѓањето на ноќта 2 спроти трети август 1903 година на празникот Св. Илија. Тоа било објавено со читање на Прогласот пред четите, со држење на свечени говори, свечено осветување на востаничките знамиња, палење на востанички огнови, прекинување на телефонските и телеграфските линии, напади врз беговски кули и чифлизи, напади врз истурените османлиски гарнизони, како и напади врз населени места. Иако според планот било предвидено востанието да има партизански карактер, тоа на многу места прераснало во масовно востание поради вклучувањето на населението во него. Вклучувањето на населението ја отежнало положбата и мобилноста на четите, бидејќи требало да поведат сметка за заштита на неборечкото население. Од друга страна тоа е во спротивност со концептот за долготрајно востание. Независно од тоа што османлиските власти во очекување на востанието од почетокот на 1903 година презеле низа превентивни мерки, а од фатениот повик дури го дознале и датумот кога тоа ќе биде објавено, останува впечатокот дека првите десетина дена поминале во знак на востаничката иницијатива во поголемиот дел од Битолскиот револуционерен округ. Притоа биле ослободени повеќе населени места, а меѓу нив и планинските гратчиња: Крушево, Невеска и Клисура. Покрај тоа востаничката доминација силно се чувствувала во Демирхисарско, Кичевско, Охридско, Костурско и во Леринско, каде биле ослободени повеќе села.

Највпечатлив бил востаничкиот успех во Крушево, кое било ослободено на 3 август. Во него била организирана привремена граѓанска власт, под покровителство на востаничките сили. Во врска со тоа романскиот весник „Tara“ на 3/16 август 1903 година пишува: „револуционерите во Крушево прогласија Привремена влада, призната од населението“, додека романскиот весник „Adevĕrul“ на 18 август пишува за „Прогласување Република“. Привремената востаничка власт во Крушево во македонската историографија, но и во свеста на македонскиот народ е прифатена како „Крушевска Република“. Комплетната организација на граѓанската и востаничката власт во Крушево била творба на реонскиот началник Никола Карев. Во градот бил формиран Совет од 60 члена и шесточлена “привремена влада“. Истовремено биле преземени мерки за зацврстување на одбраната на градот, за обезбедување на исхраната на населението и на

востаниците и за одржување на јавниот ред. Покрај тоа била отворена работилница за поправка на оружје и за леење куршуми. Истовремено во гардот биле организирани повеќе револуционерни манифестации. За неутрализирање на населението од соседните муслимански села до нив била испратена специјална Прокламација, која во литературата најчесто се претставува како „Крушевски манифест". Овој документ (чиј оригинал до сега не е пронајден, туку ни е познат според верзијата на Никола Киров Мајски), претставува своевидна декларација за целите на Востанието, а тоа е „Автономија на Македонија", како заедничка татковина на сите, без разлика на нивната верска и етничка припадност. Востаничката власт во Крушево издржала десетина дена. На 11 август, османлиите го опколиле градот во кој имало околу 1200 востаници. На 12 август османлиските сили испратиле ултиматум за предавање на градот. Откако востаниците го отфрлиле ултиматумот, започнале борби кои траеле до доцна во ноќта. Притоа отпорот бил скршен, но главнината од востаничките сили успеала да се извлече, благодарение на потполната саможртвата на еден одред кај месноста Слива. Последната драма се одиграла кај месноста Мечкин Камен под водство на легендарниот војвода Питу Гули, кој ја одбил наредбата за повлекување и останал да се бори до крај, до последен борец. Во меѓувреме градот бил подложен на силен артилериски оган. Следниот ден, османлиските сили влегле во градот, кој бил подложен на палење, пљачкосување, убивање и силување. Крушево скапо го платило обидот за слобода. Слична судбина доживеале многу села во Битолскиот вилает, кои во настојувањата за достоен живот и човекови права во името на „автономна Македонија" востанале против султанот.

Востанието во Битолскиот револуционерен округ иако било очекувано, ги затечело османлиските власти недоволно координирани, или барем без соодветна стратегија и концепција за негово брзо неутрализирање. Овој впечаток особено е неизбежен за првите денови од востанието, кога иницијативата ја имале востаниците. Во почетокот на Востанието, првичните интервенции на воените сили од градските гарнизони биле насочени кон укажување на помош и извлекување на истурените гарнизони од помалите места. Истите независно од исходот на судирите, брзо се повлекувале во градовите, патем задоволувајќи се со потпалување на некое село. Очигледно властите во прво време стравувале од напади на поголемите градови, па затоа во нив настојувале да држат големи воени единици, а тоа им дало шанси на востаниците да ја преземат иницијативата и да воспостават делумна контрола во одредени региони. Положбата значително се променила по 10-11 август, кога во Битолскиот вилает биле донесени значајни воени ефективи од Косовскиот вилает. Оттука уследило пағањето на

Крушево. Набрзо потоа главниот командант на османлиските сили во Битолскиот вилает – Омер Ружди паша бил сменет, а на негово место бил поставен Насер паша, кој за кратко време подготвил ефективен план за систематско задушување на Востанието. Планот на Насер паша, предвидувал систематско опколување на востаничките центри со големи воени кордони, кои со стегањето на обрачот кон центарот требало да ги разбијат и уништат востаниците. Со оглед на фактот дека востаничките сили често успешно се извлекувале од обрачите, и одново се појавувале зад нивниот тил, или во нови реони, војските за да избегнат долготрајната герилска војна по планините, пристапиле кон масовно палање на селата и жесток терор врз цивилното население. Всушност тоа бил единствениот начин да се принудат востаниците на капитулација. За власта било битно Востанието да се задуши за кратко време, а со тоа да и се одземат аргументите на дипломатијата за повторно отворање на македонското прашање. Веќе кон крајот на август, применета на новата османлиската тактика почнала да дава резултати. Во текот на септември, властите воспоставиле контрола врз поголемиот дел од вилаетот. Во меѓувреме, разбиените востанички одреди биле потиснати по планините. ГШ наоѓајќи се во безизлезна ситуација, притоа имајќи ја предвид силната репресија врз цивилното население, но и договорената средба во врска со македонското прашање помеѓу рускиот цар и австроунгарскиот император на 2 октомври 1903 година донеле одлука за демобилизација на востаничките сили.

За разлика од Битолскиот, во Солунскиот, Струмичкиот и Скопскиот революционерен округ, не биле одржани окружни конгреси. Во овие окрузи, зависно од условите и личните иницијативи на поедини војводи биле преземени востанички дејствија од партизански карактер, кои во некои делови биле проследени со терористички дејствија, без вклучување на населението. Во тој поглед според дејствијата предничел Солунскиот револуционерен округ каде позначајни востанички активности имало во Кукушката, Еницевардарската и Гевгелиската околија, а послаб интензитет е забележан во Воденската и Тиквешката околија. Двата обиди на Христо Чернопеев да навлезе со поголеми формации во Струмичкиот округ, биле попречени и разбиени од османлиските војски. Поради географската местоположба на овој округ од каде минувале најголемиот број на организациските канали од и кон Бугарија, на неговата територијата биле распоредени значајни османлиски сили кои не дозволиле поголема и подолготрајна концентрации на востанички сили на едно место. Од друга страна, токму поради својата местоположба, овој округ пружил значајна логистичка поддршка при преминот на четите кон Солунскиот и Битолскиот револуционерен округ. Востаничкото движење било

најслабо изразено со Скопскиот револуционерен округ. Притоа до поголеми судири помеѓу востаничките чети и османлиските војски дошло во Велешката, Кочанската, Кратовската и Штипската околија. Се разбира дел од овие судири биле предизвикани од четите кои транзитирале низ овој округ.

Во почетокот на септември 1903 во Серскиот револуционерен округ бил одржан конгрес на кој било решено Востанието да започне на 27 септември на празникот Крстовден. Според планот востанието требало да има партизански карактер, проследено со терористички активности, без да се вовлекува населението во борбите. Во раководниот Штаб за Серскиот округ биле избрани: Димитар Стефанов, Александар Радославов и Симеон Молеров. Карактеристично за овој округ е што по иницијатива на Задграничното претставништво врз основа на претходен договор под услови на ТМОРО во Востанието било допуштено учество на врховистичките чети. Меѓутоа, интересно е да се нагласи дека Јане Сандански побарал од врховистите да го отстранат од своите униформи бугарските државни обележја.

Независно од планот што Востанието било предвидено да започне на 27 септември, борбите околу Мелник и Демирхисарско се разгореле порано. Во Серскиот округ значајни иницијативи биле преземени во Неврокопско, каде биле нападнати османлиските гарнизони во селата Обедим и Кремен. Најголем замав востаничките дејствија добиле во Разлошко, каде на Крстовден било нападнато гратчето Разлог и уште неколку села. Во Серската, Драмската и Горноџумајската околија, востаничките дејствија се свеле на неколку судири со османлиската војска. И овде како и во Битолскиот округ власта применила силни репресивни мерки врз цивилното население за брзо задушување на востанието.

**9**. Според Мемоарот на Внатрешната организација за време на Востанието во 1903 година, во Македонија настрадале 201 населено место. Притоа биле запалени 12 400 куќи, без покрив над главата останале 70 836 лица, 30 000 луѓе биле принудени да побегнат од своите домови, а 8 816 мажи жени и деца биле убиени. Очигледно востанието било жестоко задушено. Најголемите жртви ги поднел Битолскиот револуционерен округ. На востанатата територија настанала хуманитарна катастрофа.

Од друга страна Востанието го предизвикало вниманието на слободољубивите луѓе во Европа и во светот. Европските весници постојано известувале за настаните во Македонија. Во многу места низ Европа и Америка биле одржани митинзи за поддршка

на македонската борба и собирање на материјална помош за ублажување на хуманитарната катастрофа. Овие активности биле подржани од видни европски интелектуалци и филантропи како: Лав Толстој, Максим Горски, Анатол Франс, Жан Жорес, Виктор Берар, Франс де Пресанс, Артур Еванс, Хенри Ноел Брејлсфорд и други. Во на октомври во хуманитарна мисија во Битола се нашол секретарот на Балканскиот комитет од Лондон – Х. Н. Брејлсфорд. Преку овој комитет во најзагрозените делови од Битолскиот вилает биле поделени 11 000 ќебиња. Покрај тоа, Балканскиот комитет организирал болници за лекување на болните и ранетите, помагал при обезбедувањето на прехрана за населението, купување на работен добиток и слично. Значајна помош пристигнала од Бугарија, а помалку од Србија.

Поради Востанието, во почетокот на октомври 1903 година на иницијатива на Русија и Австро-Унгарија, а во согласност со големите европски сили била усвоена Мирцштегската програма за реформи, чие спроведување требало да се одвива под меѓународна контрола. Меѓутоа, овие реформи, како и претходните Февруарски, иако се однесуваат исклучиво за Македонија, не допуштале нејзино конституирање како единствена административна единица на чело со „генерал – губернатор" од христијанско потекло, што било едно од барањата на македонското револуционерно движење, испорачано кон крајот на 1902 година. Македонија во административа смисла останала во рамките на трите вилаети, а на чело на реформскиот процес и понатаму останал генералниот инспектор Хусеин Хилми паша, покрај кого биле именувани двајца цивилни агенти (по еден од Русија и Австро-Унгарија), кои реално немале никакви овластување. Реформаторите според договорениот принцип од претходните Февруарски реформи, тенденциозно ги изоставиле сите термини, кои во било која смисла асоцираат на оформување на административно-територијална единица под името Македонија. Така наместо Македонија се користи терминот „трите вилаети", наместо Македонци се користи терминот „христијанско население" а наместо генерален губернатор, бил именуван „генерален инспектор".

Даме Груев од името на ГШ на 10/23 декември 1903 година, Мирцштегските реформи ги оценил како недоволни „бидејќи секој знае, дека ние не се боревме за жандарми и падари, туку за премавнување на омразениот турски гнет". Додека пак за Ѓ. Петров, споменатите реформи биле само „фрлање на прав во очите". Овие првични погледи со тек на времето, станал официјален став на Организацијата кон реформите, кои наполно ги игнорирала. Малкумина биле оние како Анастас Лозанчев и Димо Хаџи

Димов, кои сметале дека реформите треба да се искористат за инфилтрирање на одредени лица на Организацијата во османлиските институции, а потоа на легален начин да продолжи борбата до конечната цел – автономија на Македонија. Игнорантскиот однос на Организацијата кон Мирцштегските реформи е последица на отсуство на политичко крило со дипломатски манири и рационален прагматизам. Мирцштегските реформи, и покрај своите недостатоци, претставуваат директно европска интервенција и обид за решавање на македонското прашање, иако во моментот настојувале да не му го споменуваат името.

**BIBLIOGRAPHY**:


Андонов Полјански, Христо, Илинденското востание и меѓународната јавност, Скопје 1985.

Архив Христо Матов. Документален сборник, (съставител: Цочо Билярски), София 2004.

Битоски, Крсте, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Скопје 1983.

Битоски, Крсте, Солунските атентати, Скопје 1985.

Брејлсфорд, Ноел Хенри, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје 2003.

Димески, Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), II издание, Скопје 1982.

Димески, Димитар, Гоце Делчев, Скопје 2003.

Ѓорѓиев, Ванчо, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје 2003.

Ѓорѓиев, Ванчо, Подземната република. Даме Груев и македонското револуционерно движење, Скопје 2010.

Ѓорѓиев, Ванчо, ВМРО (1893-1903). Поглед низ документи, Скопје 2013;

Ѓорѓиев, Ванчо, Анастас Лозанчев, Скопје, 2014.

Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, (вовед, коментар и редакција Љубен Лапе), Скопје 1984.

Лапе, Љубен, Нови документи за Илинденското востание. Илинденски зборник 1903-1953, Скопје 1953.

Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година. Документи, (редакција и коментар Манол Пандевски), Скопје 1995;.

Макдермот, Мерсия, За свобода и съвршенство. Биография на Яне Сандански, София 1987.

Минов, Никола. Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903). Скопје: Арс Ламина, 2013.

Minov, Nikola. "The Aromanians and IMRO". Macedonian Historical Review 2, 181-200.

Пандевски, Манол, Илинденското востание во Македонија 1903, Скопје 1978.

Силянов, Христо, Освободителните борби на Македония (фототипно издание), т.1, София 1983.

Турски документи за Илинденското востание од султанскиот фонд „Јилдиз“, (превод, редакција и коментар Драги Ѓоргиев и Лили Благадуша), Скопје 1997;

Турски документи за Илинденското востание, избор, превод, редакција и коментар Александар Стојановски, Скопје 1993.